Република Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

# ПРЕДЛОГ НА
# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

Скопје, декември 2013 година

# ВОВЕД

## I. ОЦЕНА НА СОСТОЈБИТЕ ВО ОБЛАСТА ШТО ТРЕБА ДА СЕ УРЕДИ СО ЗАКОНОТ И ПРИЧИНИ ЗА НЕГОВО ДОНЕСУВАЊЕ

Во 2010 година Собранието на Република Македонија го донесе новиот Закон за кривичната постапка кој започна да се применува од 1 декември 2013 година. Во овој закон за првпат беше воведен институтот спогодување. Примената на овој институт е директно поврзана со пропишувањето на казните во Кривичниот законик и нивното одмерување од страна на судовите. Досега во Република Македонија беа спроведени повеќе истражувања во сферата на казнената политика, при што се наметнаа неколку заклучоци:

- досудената просечна казна во предметите се наоѓа многу под долната граница на опсегот на предвидената казна пропишана со закон,
- опсегот на казни кој што бил применет од страна на судиите е многу понизок од највисоката казна пропишана со закон, што укажува дека судиите воопшто не ја користат горната граница на казните што им ја овозможува законот и
- голема невооедначеност на изречените казни од страна на различни судови.

Заради надминување на наведените слабости се наметна потребата од креирање инструменти за воедначување на казнената политика при изрекувањето на казните. Сметаме дека ова ќе биде постигнато со донесување на Правилник за начинот на одмерување на казните.

Наведеното решение се применува во Соединетите Американски Држави од каде што ќе бидат црпени искуствата во фазата на изготвувањето на правиликот.

## II. ЦЕЛИ, НАЧЕЛА И ОСНОВНИ ПРИНЦИПИ

Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик се заснова врз истите начела на кои се заснова Кривичниот законик.

## III. ОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПОСЛЕДИЦИ ОД ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ВРЗ БУЏЕТОТ И ДРУГИТЕ ЈАВНИ ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА

Законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик нема да предизвика дополнителни финансиски импликации врз Буџетот на Република Македонија.

## IV. ПРОЦЕНА НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ, НАЧИН НА НИВНО ОБЕЗБЕДУВАЊЕ, ПОДАТОЦИ ЗА ТОА ДАЛИ СПРОВЕДУВАЊЕТО НА ЗАКОНОТ ПОВЛЕКУВА МАТЕРИЈАЛНИ ОБВРСКИ ЗА ОДДЕЛНИ СУБЈЕКТИ

Предложените законски одредби нема да предизвикаат дополнителни материјални обврски за одделни субјекти. Со заживувањето на институтот спогодување значителен дел од предметите ќе бидат решени без притоа за нив да се води постапка пред суд. Со тоа судовите ќе се растеретат од голем број на предмети, а воедно ќе се забрза постапката по останатите кривични предмети. Со примената на овој институт и намалувањето на бројот на предметите за кои се води постапка пред судовите ќе се заштедат значителни средства.

## ПРЕДЛОГ НА ЗАКОН
## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ
## НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

### Член 1

Во Кривичниот законик („Службен весник на Република Македонија“ бр. 37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11, 142/12, 166/12, 55/13 и 82/13) во член 39 ставот (3) се менува и гласи:

„(3) Судот при одмерувањето на казната ќе го применува Правилникот за начинот на одмерување на казните донесен од Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, по претходно мислење од Јавниот обвинител на Република Македонија и Адвокатската комора на Република Македонија . “

Ставовите (4), (5) и (6) се бришат.

### Член 2

Членот 40 се менува и гласи:

„Судот може на сторителот да му одмери казна под границата пропишана со закон, во рамките предвидени во член 41 од овој закон или да примени поблаг вид казна во случај кога:

1) е поднесена предлог спогодба за признавање на вина склучена меѓу јавниот обвинител и обвинетиот и
2) обвинетиот ја признае вината на главната расправа согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка. „

### Член 3

Правилникот од членот 1 на овој закон Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија ќе го донесе во рок од 30 дена од влегувањето во сила на овој закон.

### Член 4

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен весник на Република Македонија.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ
НА ПРЕДЛОГОТ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ
И ДОПОЛНУВАЊЕ НА КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК

I. ОБЈАСНУВАЊЕ НА СОДРЖИНАТА НА ОДРЕДБИТЕ НА ПРЕДЛОГ ЗАКОНОТ

Предлогот на законот за изменување и дополнување на Кривичниот законик содржи 4 члена.

Со членот 1 од Предлогот се предлага бришење на ставовите (4), (5) и (6) од членот 39, кои се однесуваат на општите правила за одмерување на кзаната. Исто така, со членот 1 се менува ставот 3 со кој се дава основ за донесување на Правилник за начинот на одмерување на казните. Надлежност за донесување на овој правилник има Претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, по претходно мислење од Јавниот обвинител на Република Македонија и Адвокатската комора на Република Македонија.

Со членот 2 се менува членот 40, кој се однесува на материјата за ублажување на казната. Имено, во овој член е пропишано дека судот може на сторителот да му одмери казна под границата пропишана со закон, во рамките предвидени во член 41 од овој закон или да примени поблаг вид казна во случај кога е поднесен предлог спогодба за признавање на вина склучена меѓу јавниот обвинител и обвинетиот и обвинетиот ја признае вината на главната расправа согласно со одредбите од Законот за кривичната постапка.

Со членот 3 се определува рокот за донесување на Правилникот за начинот на одмерување на казните.

Со членот 4 се уредува материјата за влегување во сила на овој закон.

II. МЕЃУСЕБНА ПОВРЗАНОСТ НА РЕШЕНИЈАТА СОДРЖАНИ ВО ПРЕДЛОЖЕНИТЕ ОДРЕДБИ

Со предложените измени и дополнувања се дава правен основ за донесување на Правилникот за начинот на одмерување на казните.

III. ПОСЛЕДИЦИ ШТО ЌЕ ПРОИЗЛЕЗАТ ОД ПРЕДЛОЖЕНИОТ ЗАКОН

Со предложениот закон ќе се овозможат инструменти за примена на институтот спогодување.

## ОДРЕДБИ ОД КРИВИЧНИОТ ЗАКОНИК КОИ СЕ МЕНУВААТ

(„Службен весник на Република Македонија“ бр.37/96, 80/99, 4/02, 43/03, 19/04, 81/05, 60/06, 73/06, 7/08, 139/08, 114/09, 51/11, 135/11, 185/11,142/12,166/12, 55/13 и 82/13)

### Општи правила за одмерување на казната

### Член 39

(1) Судот ќе му одмери казна на сторителот на кривично дело во границите што се пропишани со закон за тоа дело, имајќи ги предвид кривичната одговорност на сторителот, тежината на делото и целите на казнувањето.

(2) Судот ќе ги има предвид сите околности што влијаат казната да биде помала или поголема (олеснувачки и отежнувачки околности), а особено: степенот на кривичната одговорност, побудите од кои е сторено делото, јачината на загрозувањето или повредата на заштитното добро, околностите под кои е сторено делото, придонесот на жртвата во извршувањето на делото, поранешниот живот на сторителот, неговите лични припики и неговото однесување по стореното кривично дело, како и други околности што се однесуваат на личноста на сторителот.

(3) При одмерувањето на казната судот посебно ќе води сметка за вкупното дејствие на казната и нејзините последици врз личноста на сторителот и потребите на неговата ресоцијализација.

(4) Кога судот му ја одмерува казната на сторителот за кривично дело сторено во поврат, посебно ќе има предвид дали поранешното дело е од ист вид како и новото дело, дали делата се сторени од исти побуди и колку време поминало од поранешната осуда, односно од издржаната или простената казна.

(5) При одмерување на казната судот посебно ќе има предвид дали кривичното дело е сторено против лице или група на лица или имот, непосредно или посредно, поради неговото или нивното национално и социјално потекло, политичкото и верското убедување, имотната и општествената положба, полот, расата или бојата на кожата.

(6) При одмерувањето на паричната казна, судот ќе ја има предвид и имотната состојба на сторителот, водејќи притоа сметка за неговите други приходи, за неговиот имот и за неговите семејни обврски.

Ублажување на казната

Член 40

(1) Судот може на сторителот да му одмери казна под границата пропишана со закон или да примени поблаг вид казна кога:

1) законот предвидува дека сторителот може да се казни поблаго или

2) ќе утврди дека постојат особено олеснувачки околности кои укажуваат дека и со ублажената казна може да се постигне целта на казнувањето.

(2) Судот може да изрече поблага казна во границите на ублажување на казната од членот 41 од овој законик и кога согласно со законски пропишаната постапка за спогодување меѓу јавниот обвинител и осомничениот е постигната спогодба за применување на поблага санкција од санкцијата пропишана за кривичното дело со закон.